# CRIMINAL EXAMINATIONS IN MACEDONIAN COURT PRACTICE

**Metodija Angeleski**
AEU FON, Skopje, North Macedonia, angeleski.metodija@yahoo.com
**Dragan Miloseski**
Government of Republic North Macedonia, draganlibero@yahoo.com
**Sanja Blazevska**
Elementary School Lirija, North Macedonia, sanjickaaa@gmail.com

**Abstract:** The fight against criminality is unthinkable without the application of criminal expertise. The criminological expert, using sophisticated criminological-forensic tools and applying scientific and practically based criminological methods, makes a very significant contribution to the detection and prevention of criminality, especially when it comes to organized crime or some other emerging forms of serious crimes. The purpose of forensic expertise is to establish important facts in relation to a specific operational and criminal case, as well as to reveal and clarify the so-called n. dark belt of criminality. The use of criminalistic methods, as well as the application and adaptation of methods from other scientific disciplines for the needs of forensic examination, enable successful preventive and reactive opposition to crime, which is professionalized and transnationally internationalized. This necessitates the need for criminal expertise to be represented in the fight against crime as a systemic, permanent, independent, creative and creative activity of specialized experts. In the judicial practice of the Republic of North Macedonia, the probative value of criminal expert reports is respected. It is also confirmed by an empirical research, which speaks sufficiently illustratively about the significance of this problem.
**Keywords:** criminal expertise, expert activity, expert methods, criminal means and methods,

# КРИМИНАЛИСТИЧКИТЕ ЕКСПЕРТИЗИ ВО МАКЕДОНСКАТА СУДСКА ПРАКТИКА

**Методија Ангелески**
АУЕ ФОН, Скопје, Северна Македонија angeleski.metodija@yahoo.com
**Драган Милошески**
Влада на Република Северна македонија, draganlibero@yahoo.com
**Сања Блажевска**
ОУ Лирија, Северна Македонија, sanjickaaa@gmail.com

**Апстракт:** Борбата против криминалитетот е незамислива без примена на криминалистички експетизи. Криминалистичкиот експерт, користејќи софистициран криминалистичко-форензички инструментариум и со примена на научни и практично засновани криминалистички методи, дава многу значаен придонес за откривање и спречување на криминалитетот, особено кога се во прашање организираниот криминалитет или некои други појавни облици на тешки кривични дела. Целта на криминалистичките експертизи е утврдување важни факти во врска со определен оперативен и кривичен предмет, како и откривање и разјаснување на т. н. темен појас на криминалитетот.Користењето криминалистички методи, како и примената и прилагодувањето на методи од други научни дисциплини за потребите на форензичкото испитување, овозможуваат успешно превентивно и реактивно спротивставување на криминалот, кој се професионализира и транснационално се интернационализира. Тоа налага потреба во борбата против криминалот да бидат застапени криминалистичките експертизи како системска, перманентна, самостојна, творечка и креативна дејност на специјализирани експерти. Во судската практика на Република Северна Македонија се респектира доказната вредност на криминалистичките вештачења. Тоа го потврдува и едно емпириско истражување, кое доволно илустративно говори за значењето на оваа проблематика.
**Клучни зборови**: криминалистички експертизи, експертизна дејност, експертизни методики, криминалистички средства и методи

## 1. ВОВЕД

Процесите на диференцијација и интеграција, особено по бурните достигнувања на природните и техничките науки од XX век наваму, резултираа со пронаоѓање, усовршување и примена на технички средства и научни методи во скоро сите области. Ова е карактеристично и за криминалистичката наука, која не само што пронаоѓа и усовршува сопствени криминалистичко-технички средства, тактички начини и научни или практично засновани методи, туку се служи и со достигнувања на други области во науката и техниката заради пооптимално утврдување на вистината во кривичната постапка. Утврдувањето релевантни факти за кривичниот настан е поврзано со неизбежното вршење вештачења. Вештачењето (експертизата) како доказно средство и како процесно дејствие што резултира со доказ (персонален) претставува користење и примена на научно-технички средства и методи за потребите на борбата против криминалот. Видот на научно-техничкото средство и неговата специфична примена за истражување и утврдување на важни факти во постапката ги определува секоја експертизна методика. Постојат онолку експертизни методики колку што постојат видови вештачења како составен дел на научното откривање и спречување на криминалот.

Вештакот при вршењето експертизни испитувања до конечен резултат стигнува преку вршење експерименти, како и со примена на компаративниот и на други методи од различни научни области. Објектот на експертизната дејност може да биде од најразлична природа и тој го детерминира видот на вештачењето. Како објекти на вештачење може да се појават сите предмети од материјалниот свет: предмети, документи, луѓе, животни, трупови, транспортни средства итн. (Види: Крилов И. Ф., 1975: 44; Белкин Р. С., 1988: 66).

Експертизите обично се делат на криминалистички и судски. Основна задача на криминалистичките експертизи е да се изврши идентификација на предметот на вештачење, односно да се утврди конкретниот идентитет на бараниот објект.

Со класификација на експертизите најмногу се занимаваат криминалисти од Русија (Шљахов А. Р., 1979: 12 и натаму; Винберг А. И., 1956:31; Виноградов В. и др., 1967: 31-32; Лисиченко В. К., 1959:328; Aроцкер Л. Е., 1/1966: 54; Белкин Р. С., 1988:74; итн.).

## 2. КРИМИНАЛИСТИЧКИТЕ ЕКСПЕРТИЗИ ВО МАКЕДОНСКАТА СУДСКА ПРАКТИКА

Во македонската кривична постапка вештачење можат да вршат: стручњаци, постојани судски вештаци, стручни установи и специјализирани установи. Постојната организација на криминалистичките експертизи покажува дека тие се вршат во рамките на Министерството за внатрешни работи (МВР), во чиј состав функционира оддел за криминалистичка техника (ОКТ) со четири организациони единици: сектор за криминалистичка идентификација (СКИ); сектор за криминалистичко-лабораториски испитувања (СКЛИ); одделение за крим-технички испитувања на фото, видео, аудио и дигитални податоци; и одделение за развој.

Застапеноста на криминалистичките експертизи во македонската судска практика ја прикажуваме според податоци преземени од докторска дисертација на македонскиот криминалист Фришчиќ (Фришчиќ, Е., 2012: 102 и натаму).

Бројот на поднесувани писмени барања за вршење криминалистички вештачења до СКИ (кој е составен од две одделенија: за траги од папиларни линии; и за криминалистичка регистрација и идентификација) во истражуваниот период од 2005 до 2011 година осцилира и се движи во распон од 2800 до 3700. Во овој временски период преку траги од папиларни линии пронајдени на местото на кривичниот настан се идентификувани 1786 лица, односно се расветлени над 1100 кривични дела (главно, тешки кражби, и тоа во куќи, продавници и возила).

До СКЛИ (кој е составен од три одделенија: за испитување спорни документи; за биологија и хемија; и за механоскопија и балистика) се поднесувани значително поголем број барања за вршење експертизи. Најоптоварено е одделението за биологија и хемија, кое за седум години примило над 52000 барања за вештачење (а скоро половината се однесуваат на вештачење траги од: крв, плунка, сперма и човечки влакна). Годишно во просек се вршат по 2000 механоскопски и балистички вештачења (најчесто се однесуваат на: механички траги, исправност и тактичко-технички карактеристики на оружје, проектили), а се испитуваат по 1200 спорни документи (најзастапени се експертизите на: потпис и ракопис, банкноти, сообраќајни дозволи).

Во рамките на ОКТ на МВР се вршат и комплексни вештачења (чиј број се движи од околу 1200 во периодот од 2005-2008 година, до 1700 во 2011 година), во кои учествуваат тимови составени од по двајца до шестмина вештаци.

Во периодот од 2005-2011 година до ОКТ на МВР биле доставени околу 97000 барања за вршење вештачења. Најголем дел од нив (97,80 %) се однесуваат на извршени вештачења побарани од страна на

овластени органи на МВР (Биро за јавна безбедност, Управа за безбедност и контраразузнавање, Централни полициски служби, сектори за внатрешни работи, регионални центри за гранични премини), и тоа во фазата на *преткривичната (предистражната) постапка*. Доминантната застапеност на вештачења интерно побарани од организациони единици на МВР (особено од СВР Скопје како најголем сегмент) се должи на фактот дека органите за внатрешни работи се надлежни органи за водење на преткривичната постапка, како и на тоа дека во итни случаи МВР (според член 157 од Законот за кривична постапка) може само да изврши увид и да определи вештачења, освен обдукција и ексхумација на труп.

Јавното обвинителство во најмал број случаи (0,05 %) побарало вршење вештачења во фазата на *преткривичната постапка*. Ова произлегува првенствено од фактот што јавното обвинителство е главен орган на преткривичната постапка кој ги иницира и координира сите дејствија што ги преземаат МВР и истражниот судија.

Во фазата на *истрага (претходна постапка)* во проучуваниот седумгодишен период (2005-2011) истражен судија на кој било надлежен суд во Република Македонија до ОКТ на МВР побарал да бидат извршени незначителен број вештачења (0,70 %). Во нешто поголем број случаи (1,45 % од вкупно регистрираните), вршење криминалистички вештачења иницирале претседател на судски совет, односно судија поединец, во *постапката на водење главен претрес.*

Фришчиќ (Op. cit., 233-275) ги истражил и сите (вкупно 136) судски списи (кривични предмети) за кои Основниот суд Скопје I доставил покани до криминалистички вештаци на МВР заради нивно учество на главен претрес во периодот од 2005-2011 година и констатирал застапеност на типови криминалистички вештачења според следниов редослед: огнено оружје и микро траги (32%); документи и траги од биолошко потекло (26%); траги од папиларни линии (15 %); траги од механичко потекло и патнички моторни возила (14 %); траги од дрога (13 %).

Криминалистичките вештаци на главен претрес биле повикувани за да дадат исказ за следниве видови кривични дела: фалсификување исправа (20%); убиство (18%); тешка кражба и кражба (15%); наркокриминал (13%); недозволено држење оружје (8%); предизвикување општа опасност (5%); разбојништво (3%); итн.

Во 125 кривични предмети со донесена правосилна судска пресуда вештаците при сослушувањето на главниот претрес ги потврдиле претходно дадените наоди и мислења, односно посведочиле дека е точна (вистинита) содржината во записниците од порано извршените вештачења. Истражувањето покажало дека сите пресуди донесени од страна на Основниот суд Скопје I се директно поврзани со вршење криминалистички вештачења.

**3. ЗАКЛУЧОК**

Примената на вештачењата за утврдување на важни факти во преткривичната и кривичната постапка е детерминирана од специфичноста на кривичните настани што се истражуваат. Најновите достигнувања на науката и техниката се во функција на поуспешно справување со современиот криминал. Со пронаоѓањето и усовршувањето нови методи во техниката (посебно во областа на електрониката) и во природните науки нужниот временски интервал за спроведување вештачења е во голема мерка скратен, а е постигнат и значително повисок степен на егзактност во добивањето резултати од експерименталните проби во експертизната постапка.

Истражувањата покажуваат дека македонската полициска и судска практика за потребите на борбата против криминалот во значителна мерка се потпираат врз ефектите од спроведувањето криминалистички вештачења. Овие вештачења (особено испитувањето огнено оружје и микро траги) најзастапени се во фазата на преткривичната постапка, а нив најчесто ги иницира некоја организациона единица на МВР (особено СВР Скопје). Македонските судови ја респектираат доказната вредност на криминалистичките вештачења. За ова најилустративно говори податокот дека секоја судска пресуда донесена од страна на Основниот суд Скопје I (во анализирани 125 кривични предмети) е директно поврзана со спроведувањето некаков вид криминалистичка експертиза.

**ЛИТЕРАТУРА**

Ангелески М. (2007). Криминалистичка тактика II, Скопје.
Ангелески М. (2018). Криминалистика: вовед, тактика, техника, методика, теории, Скопје.
Крылов И. Ф. (1975). Очерки истории криминалистической экспертизы, Ленинград.
Bajović, V. (2021). O činjenicama i istini u krivičnom postupku, Pravni fakultet, Beograd
Škulić, M. (2022). Kriminalistika, Pravni fakultet, Beograd

Vukičević, B. (2019). Rečnik kriminalističke tehnike, AGM kniga, Beograd

Stojanović, Z. (2021). Politika suzbijanja kriminaliteta, Pravni fakultet, Beograd

Mody, D., Mršić, G. (2020). Metodika istraživanja razbojništva, Hrvatska sveučilišna naklada, Zagreb

Белкин Р. С. (1988). Судмедэкспертиза: проблемы, тенденции, перспективы. От теории к практике, Москва

Шляхов А. Р. (1979). Судебная экспертиза: организация и проведение, Москва.

Лисиченко В. К. (1959). К вопросу о пресмете и системе криминалистической экспертизы, Киев (в материалах Четвертой научной конференции).

Винберг А. И (1956). Криминальная экспертиза в советском уголовном процессе, Москва.

Виноградов В. и т. д. (1967). Экспертиза предварительных последствий, Москва.

Арокер Л. Э. (1/1966). Сущность уголовной экспертизы, Криминалистическая экспертиза, Москва.

Фришчиќ Е. (2012). Фактори кои влијаат врз доказната вредност на криминалистичките вештачења, Скопје (докторска дисертација).

Криминалистика, (2021). Технико-криминалистическая експертиза документов, Норма, Москва Токмаков, Д. С.

Stanković, N. (2020). Forenzika u krivičnom postupku, Evropski univ. "Kalos", Tuzla